304.42:365(497.1)
304.42:365(497.7)”1945”

**Билјана Милановска (Северна Македонија)**
**Е-маил:** **bilanamilanovska@yahoo.com**

# СТАНБЕНАТА ПОЛИТИКА И ДОМУВАЊЕТО ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА МАКЕДОНИЈА

**Апстракт:** Поседувањето дом како простор (стан или куќа) е неприкосновено право на секоја индивидуа. Домот е центар на светот за секој оној што го поседува, и неговото отсуство предизвикува низа реперкусии во општествениот и социјалниот живот. Домувањето е битен контекст во политичкиот, економскиот и социјалниот живот и зависи од неговите услови. Регулирано и средено домување, како дел од социјалната и просторната политика, е сведок за функционална и развиена земја, а истовремено придонесува за социјална кохезија, зачуван интегритет и благосостојба на секоја индивидуа. Во времето на Југославија, идеолошката обоеност налагала еднаквост при поседување и доделување на стан; декларирајќи го како лична инвестиција и општествено добро, државата имала императив да го обезбеди поединецот со ова добро или да создаде соодветни услови, адаптирани на постоечкиот стандард, тој самиот да го стекне без многу непријатности. Самоуправувањето и здружениот труд воведуваат олеснителни околности за стекнување станбено право, но и низа нерегуларности и недоследности во неговото решавање.

**Клучни зборови:** дом, стан, домување, социјализам, самоуправување.

Домот е местото од каде што сè започнува – кажал Томас С. Елиот. Домот ни е „сигурно место“, место каде што сме заштитени и опкружени со луѓе со кои се сакаме и почитуваме[1]. Низ историјата на човековото постоење, човекот има потреба од дом или куќа[2]. На секој човек му е

1 Почетна студија за домувањето на Ромите во Општина Штип. Скопје: Хабитат Македонија, 2017, 12. http://www.habitat.org.mk/doc/studii/STIP_mak_FINAL.PDF

2 Станот е независна и функционално поврзана група на простори и простории, а станбената зграда е градба наменета за живеење што содржи два или повеќе независни стана. Семејната куќа е градба наменета за домување во која се наоѓа еден наполно функционален стан или евентуално уште еден за втората генерација од истото семејство. Повеќестанбената градба не е „изум“ на денешницата. Првите форми се јавуваат уште во античко време во Рим во форма на повеќекатни градби. Во приземјето се наоѓале тремови и трговски дуќани, а на катот станови. http://www.rudarska.hr/wp-content/uploads/2018/02/VISESTAMBENA-IZGRADNJA-1-1.pdf

неопходно место за спиење и одмор, простор каде што ќе ја врши основната лична хигиена, простор во кој ќе има извор на вода, на храна, простор во кој ги чува личните поседувања и во кој, на крајот, се чувствува најбезбеден. Повеќето луѓе живеат како дел од семејството, во место наречено дом (Ален 2008: 32–34). Домот е простор во кој човек се чувствува „свој на своето“, и квалитетното домување без коментар е еден од круцијалните елементи во животот на секоја индивидуа. Обезбеден сопствен дом и квалитетен живот ги исполнува основните потреби и права за достоен живот и го одредува квалитетот на живеење, а притоа ги регулира и ги отвора перспективите за развој на многу полиња.

Домувањето како појава има двојна улога, од една страна тоа е општествена појава што опфаќа социјални и економски прашања од животот на еден човек, а од друга страна е индивидуалниот аспект – ги покрива основните потреби на човековото егзистирање, односно го обезбедува најважниот животен простор за опстојување. Стан или куќа[3] е простор што на едно семејството му обезбедува оптимални услови и здрава средина во која е можно да се задоволат основните човекови потреби, како што се потреба од јадење, домување, перење, облекување, одмор, вршење физиолошки потреби и сл. Станот му овозможува на човекот, на семејството да ги остварува своите витални функции, тој е место каде што може да се одвива нормално еден просечен животен тек. Доколку се случат нарушувања на релацијата стан – човек, последиците можат да бидат многу тешки, да не кажеме катастрофални. Внатрешните структури на една човекова личност во голем дел се изградуваат во неговиот дом (Ацевски 1995: 388). Во тоа парче простор што е негов „центар на светот“ се одвиваат сите потребни социјални дружења, како што се, на пример, брачниот живот и родителството. Значи поседувањето дом е основна, елементарна и неминовна човечка потреба, чиешто обезбедување во денешни услови е обременето со сложени социоекономски карактеристики. Станот како дел од личната потрошувачка влегува во категоријата на храна и облека (Bežovan

3 „Објектите за домување можат да бидат станбени, станбено-деловни и деловно-станбени. Станбените објекти за домување, во зависност од бројот на становите во нив, можат да бидат едностанбени објекти и повеќестанбени објекти, а според начинот на нивната употреба, станбени објекти за посебна намена. Едностанбени објекти се самостојни семејни куќи, вили, атриумски куќи, куќи во низа и куќи за одмор. Повеќестанбени објекти се станбени згради со два или повеќе стана, кои можат да бидат станбени блокови, повеќекатници и солитери. Станбени објекти за посебни намени се станбени згради наменети за времено сместување на лица во социјален ризик согласно со прописите за социјална заштита, објекти за самци и домови (ученички, студентски, работнички, воспитни, домови за заедници и домови за терапевтски групи). Ако во објектот има и станбени и деловни простории, а повеќе од половината од просторот е наменет за домување, објектот е станбено-деловен, а доколку во објектот повеќе од половината од просторот е наменет за извршување на деловни и други стопански дејности, објектот е деловно-станбен.“ Закон за домување, член 3, http://www.aerodrom.gov.mk/Upload/Editor_Upload/Zakon%20za%20domuvanje%20-%20konsolidiran.docx

2004: 89–90)[4]. Без да се обезбеди пристоен стан, животот е практично невозможен, и тешки се условите за егзистирање. Поради тоа, станот не е обична потрошувачка стока, туку неопходна потрошувачка нужда. Со членот 25 во Универзалната декларација на ООН, правото на сопствен дом е вклучено во групата на основни човекови права. Универзалната декларација за човекови права на Организацијата на обединетите нации во нејзиниот член 25 истакнува дека „секој има право на стандард на живеење што ќе му овозможи здравје и благосостојба нему и на неговото семејство, вклучувајќи ја храната, облеката, домот, медицинската грижа и потребните социјални сервиси, како и правото на сигурност при вработување, болест, немоќ, губење на сопружникот, старост или друг вид на недостиг во живеењето, настанат од причини надвор од неговата контрола“[5]. Тешко достапното домување или неможноста да се поседува стан е комплекс на физички, социјални, културолошки, урбанистички, еколошки и економски фактори што го обликуваат животот на луѓето во едно општество.

По завршувањето на Втората светска војна, почнал да се расчистува и да се средува теренот со цел да почне да се актуализира и сериозно да се решава станбеното прашање на граѓаните во тогашната држава Југославија во чиј состав била и Социјалистичка Република Македонија. По 1945 година, Југославија ја поминала фазата на трансформација од земјоделска во индустриска земја, и следеле големи вложувања во инфраструктурата и планирањето на новите градски населби за да се обезбедат услови за миграција на населението во градовите[6]. Започнал период на дефинирање и формирање на официјалните политики и институции, етаблирање на општи популациони и станбени политики, уредување на законодавството во областа на урбаното планирање, градежништвото и домувањето. По разделувањето со Сталин, со напуштањето на централниот и плански советски стопански модел во Југославија, во почетокот на 1950-тите, започнала фаза на економскиот и општествениот развој. Со воспоставувањето на работничкото самоуправување, кое се сметало за југословенски идеолошки бренд (Jakovina 2012: 25) во општествено-политичкиот систем, била втемелена егалитарната идеја за општествена сопственост. Една од препознатливите карактеристики како главна девиза во повоена Југославија[7], која ја

4 Социјалистичкиот егалитаризам го прокламира „правото на стан“ како основна човекова потреба, а со тоа и основно човеково право и социјално добро – колективно богатство што припаѓа на целата нација наспроти сфаќањето на станот како лична потрошувачка или инвестиција, т.е. концептот на станот како стока (Bežovan 2004: 89).

5 Член 25 (1), Универзална декларација на човекови права, ООН 1948, според: http://www.un.org/en/universal-declaration-human-rights/

6 Види на https://www.novamakedonija.com.mk/prilozi/lik/%D0%B0%D1%80%-D1%85%D0%B8%D1%82%D0%B5%D0%BA%D1%82%D0%BA%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D1%88%D1%82%D0%BE-%D1%98%D0%B0-%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%B4%D0%B5%D0%BB%D0%B5-%D1%98%D1%83%D0%B3%D0%BE%D1%81%D0%BB%D0%B0%D0%B2/

7 Специфичната станбена изградба во Југославија произлегла од самоуправниот социјализам, од политиките на неврзаност на надворешен план и децентрализацијата

детерминирала земјата како единствена и неповторлива во светот, била општествената еднаквост како основна вредност на новата држава со која се тежнеело кон рамноправна распределба на материјалните добра и универзално задоволување на основните животни потреби на населението. Покрај воведувањето на внатрешнополитичките реформи, со потрагата за економски и политички сојузник во текот на 1950-тите, започнало свртувањето на Југославија кон Западот, што значело и воведување на нови моменти, како етички така и естетски, кои дотогаш земјава не ги познавала. Непознатите, комплетно нови, па и на крајот непосакувани влијанија условиле промени во потрошувачката и популарната култура, кои во еден момент се јавиле како „сигнал за десоветизација и либерализација“ (Vučetić 2012: 336). Пазарната компонента на југословенското самоуправување била сѐ понагласена во областа на домувањето, имајќи предвид дека „нечиј станбен статус бил непосредно зависен од положбата на претпријатието на југословенскиот пазар, од стопанскиот сектор, од неговото занимање и од положбата во деловната хиерархија“ и од степенот на образование како одлучувачки фактор (Archer 2016: 11). Слично како и во земјите на државниот социјализам, становите биле „валута“ во системот наменета

на внатрешен план, како и од економските капацитети на државата и општеството. Во периодот од 1948 до 1970 година, станбената архитектура во Југославија имала изразито експериментален карактер поради интензивните тежнеења кон истражувањето на нови архитектонски обрасци и вредности, кои го означиле периодот на стопанскиот и економскиот развој на земјата. Југославија како официјална урбанистичка, техничко-технолошка и естетска стратегија во областа на архитектурата и урбанизмот ги усвоила начелата на модернистичката архитектура најјасно изразени во Атинската повелба CIAM (les Congres internationaux d’architecture moderne; Krstić 2018: 132).

Усвојувањето на Атинската повелба еднонасочно не претставувало усвојување на обрасците на „капиталистичкиот урбан развој“. Најнапред, во Атинската повелба начелно и во смисла на дејствувањето на конкретните политички актери се вградени вредностите на егалитаризмот и општествената правда. Констатирајќи дека „правото на домување значи дека општеството во целина ја презема одговорноста за решавање на станбеното прашање за сите граѓани“, Секулиќ наведува неколку закони што се втемелени врз домувањето како право во Југославија: „Тоа било пропишано со Уредбата за управување со станбените згради, објавена во Службениот гласник на ФНРЈ бр. 52/1953, како принцип што обезбедува трајно користење согласно со прописите во станбените градби“ (Sekulić 2012: 22–23).

„Правото на стан е основната правна институција што на работничката класа ѝ обезбедува еден од најзначајните услови за живот“, бил заклучокот на Првиот југословенски форум за домување и градежништво во 1956 година (Sekulić 2012: 18). Овие закони биле во склад со начелата на социјалистичкото самоуправување востановени во јуни 1950 година и конкретизирани три години подоцна. Конкретните одлуки за вложување во задоволувањето на колективните и индивидуалните потреби се донесени во основните организации на здружен труд (ООЗТ). Вработените имале право и обврска да се изјаснуваат за инвестиционите приоритети на претпријатијата. Изградбата на општествените станови е финансирана на два начина: со дел од годишниот приход на ООЗТ и со дел од законските придонеси од приходот на вработените. Имено, од 1956 година, 4 % од секоја плата биле вложувани во комуналниот станбен фонд (Krstić 2018: 132).

за привлекување на стручњаци и наградување на локалните бирократи (Andrusz et al. 1996: 13).

Повоената обнова на постоечкиот и изградбата на новиот станбен фонд во Југославија, односно во Македонија, имале најголем интензитет во текот на 1960-тите и 1970-тите, кога се изградени повеќе стотина илјади станови ширум државата (Alfirević, Simonović-Alfirević 2018: 26–38). Бројните проблеми, како општоприсутната сиромаштија, неможноста градежните материјали да се купат во слободна продажба, како и ставот на комунистичките власти дека „тенденцијата за приватна куќа или стан претставува израз на ситнобуржоаскиот стремеж" (Dobrivojević 2012: 115–130), влијаеле на станбената состојба во првата повоена деценија, при што речиси единствен градител на новите станови била државата (Dragutinović et al. 2017). Тенденцијата површината на становите што повеќе да се намали, кратките рокови на проектирањето и неискуството на проектантите се рефлекирале во изградбата, и како последица на тоа произлегло становите да бидат главно неудобни и некомфорни (Dobrivojević 2012: 115–130). Од друга страна, некомфорниот и стеснет простор имал своја компензација во заедничкиот јавен простор, што било одраз на идеолошкиот концепт[8]. Меѓутоа, во пракса, цената на чинење и огромната побарувачка за станови овозможила независна изградба на семејни домови, кои станале камен-темелник на југословенското обезбедување со дом. Југославија никогаш не се обидела да го реши домувањето на нејзините жители преку амбициозни, утопистички начини како што СССР го направила тоа меѓу 1956 и 1965 година, кога третина од населението било вдомено во новоизградените станови (Attwood 2004: 189), додека авторитетите уверувале дека недостигот од станови ќе се реши за 10 до 12 години (Harris 2013: 9). Во однос на обезбедувањето со дом, Југославија имала повеќе заедничко со соседните Албанија, Унгарија и Бугарија, каде што, и покрај културниот

8 По Втората светска војна, проширената комуникација се јавува како последица на тенденциите во структурата на станот да се формираат два центри: а) примарен – дневен престој и б) секундарен – простор за собирање на семејството околу трпезариската маса, надвор од просторот на кујната (Bajlon 1979: 27–38). Според Бајлон, проширената комуникација настанала од потребата да се „најде форма на собирање на семејството околу заедничката маса", таму каде што пренатрупаноста на станот тоа не го дозволува, при што сè повеќе се воведува како додаток на дневната соба. Меѓутоа, погрешното воведување на еден кауч во дневната соба, според Бајлон, не само што е во спротивност со животот туку и со концептот на проширената комуникација. Примената на проширената комуникација во оскудни општествено-економски услови давала различни можности, како на пример: а) формирање на влезен простор за прием на гости; б) формирање на секојдневен простор за учење и игра на децата; в) одвојување на активностите на децата и нивното друштво од активноста на родителите и нивните пријатели; г) доживување на поголема просторност на станот итн. Иако, во однос на времето и околностите во кои настанала, идејата во теоретска смисла била напредна, нејзината примена во пракса довела до различни лоши интерпретации кај кои дневниот престој бил заменет со проширена комуникација, што било поддржано и преку тогашните нормативи. Сето тоа во пракса имало за последица претворање на дневната соба во простор за сместување и спиење на уште еден член на семејството ноќе, а со самото тоа и влошување на општиот комфор во станот (Alfirević, Simonović-Alfirević 2018: 8–17).

и цивилизацискиот невкус за семејни домови според социјалистичката чувствителност, градењето домови сепак го надминало бројот на станови во државниот сектор (Archer 2018: 35).

Иако на становите им се давала „предност како вистинска форма на социјалистичко живеење" (Fehérváry 2013: 76), индивидуалците биле охрабрувани независно да градат куќи за да се отстрани товарот во обезбедувањето дом, кој ќе биде надвор од ингеренциите на државата. Со преминот кон работничкото самоуправување во раните 1950-ти во Југославија (Unkovski-Korica 2016: 24), јавното живеење станало дел од социјалниот сектор. Во системот на општественото домување, станарското право најчесто се стекнувало на работното место[9], врз основа на попис на работници чиешто станбено прашање требало да се реши, и било тесно поврзано со вложувањето на одредено претпријатие или установа, со тогашниот речник, работна организација (РО), во изградбата на станови. За намената на средствата од фондовите за заедничка потрошувачка, следејќи ги начелата на самоуправувањето[10] и здружениот труд, одлучувал работничкиот совет на работната организација, но редовно поголемото одвојување во фондовите овозможувало и побрзо празнење на листата за чекање на стан (Duda 2010: 122). Покрај тоа, се случувале и неправилности при доделувањето на станови или поволни кредити. Некои до стан доаѓале преку ред, други со наменските станбени кредити граделе викендички, а

9 Според законот, постоеле правила, односно принципи за доделување на стан; критериумите биле: потребата од домување, бројот на членови во семејството, стажот и придонесот во работата. Меѓутоа, во реалноста, претпријатијата или институциите каде што луѓето работеле имале целосна слобода да одлучат кој треба да биде среќникот: најпрвин положбата во претпријатието и економската успешност на претпријатието биле одлучувачките фактори. Официјалната статистика, исто така, потврдува дека висококвалификуваните работници, без оглед дали имале бела или сина јака, имале предност, како и оние високо позиционираните, кои биле во подобра позиција од другите (Nord 2005: 231–234).

10 И додека, поради економската криза и мерките за штедење, опаѓало производството на општествени станови, залетаната и забрзана терцијаризација на стопанството како одраз на глобалните економски тенденции, всушност, административните и услужните урбани центри ги правела магнети за миграција и места со сè потешка станбена криза. Во сето ова, послабо образованите работници и работниците во нискоакумулативните сектори чувствувале повеќекратен товар – исклучени од прикажаниот систем за наградување, како и, до крајот на 1970-тите, диспропорционално оптоварени со мерките за штедење (стабилизација). Покрај тоа, постоел сè поизразен дефицит на демократија во самоуправувањето и конфликт на интереси меѓу производствениот и потрошувачко-стопанскиот и соодветниот урбанистички модел, односно работникот во улога на производител и работникот во улога на потрошувач. Во пракса, тоа доведува до деполитизација на работникот самоуправувач: „Распределбата на становите, пред сè, ја организирало раководството на претпријатието, а работничките совети номинално ги одобрувале одлуките на раководствата" (Archer 2016: 12). Недостигот од расположливи станови во урбаните центри и хроничната неспособност на официјалните институции да се изборат со него, го поттикнала населението на различни алтернативни стратегии на домување: преживување во повеќесемејни домаќинства, одење под кирија и неформално градење.

трети го задржувале општествениот стан и по вселувањето во семејната куќа што била изградена не со обичен потрошувачки, туку со кредит добиен од РО (работната организација). На вработените што не ги оствариле своите станарски права им останувала единствено можноста да земат поволни кредити преку работната организација или редовни станбени потрошувачки кредити и да градат сами.

Додека, од една страна, станбената политика се грижела за доделување на општествени станови според „социјалните аргументи“, а тоа значело становите да им бидат доделени на оние на кои им се најпотребни (социјално загрозени), голем фактор при бодирањето имал и работниот стаж, кога требало да дојде до одлучување од страна на работничките совети на одредени претпријатија. Сепак, во пракса се покажало дека дистрибуцијата на станарското право се остварувала според листата на критериуми втемелна на функциите што ги имале вработените (Sekulić 1986: 335), односно се доделувале станови на оние што се повисоко рангирани во поделбата на трудот и во организацијата на производство. Со тоа бил создаден парадоксален образец според кој пониските општествени слоеви често пати со приватна инвестиција – кредити – стекнувале сопственост на станот, иако станарското право било пожелно поради симболичните рати на исплаќање на станот[11]. За таквата станбена политика сведочи и истражувањето на Владимир Лај, кое покажало дека горните слоеви на општеството биле најчести носители на станарското право во кое на прво место биле застапени директорите, потоа интелигенцијата, службениците и на крајот работниците (Lay 1986: 36).

Преку студијата на случај на соговорникот Јован, живописно ќе се обидам да ја доловам животната ситуација на едно семејство што хронолошки егзистира низ два битни моменти (времето на СРМ и потоа) и целосно и „релјефно“ го прикажува домувањето во Скопје. Главниот лик е Јован, соговорникот што се потруди да го реферира своето искуство, но и да ја доближи фамилијарната сторија. Тој половината од својата животна траекторија ја поминува во социјалистичка Македонија, и одлично го служи меморијата кога станува збор за тогашното доделување на станови и плацови за градба. Тој својата животна станбена приказна ја отелотворува токму во времето кога Генералниот урбанистички план на Скопје значел „закон над законите“, и сите можни промени и интервенции во него, а и во самите детални урбанистички планови се одвивале низ комплексни и долготрајни постапки и процедури, под управување и супервизија на државните и евентуално на градските јавни служби. Со оглед на државната сопственост на земјиштето и градежните парцели, отуѓувањето на земјиштето, особено

11 Киријата за становите во општествена сопственост во СФРЈ била исклучително мала, просечно околу 5 % од нечија плата, додека оние што изнајмувале станови морале да издвојуваат цела плата за тоа. Тие што граделе сами, исто така, многу издвојувале и ризикувале да го изгубат целото вложување. Имало услови станарината во општествените станови да се покачи, а луѓето да не бидат преоптоварени со станбени трошоци, за разлика од денес кога се издвојуваат околу 35–40 % од платата. Повеќе види на https://www.masina.rs/?p=6055

градежното, се одвивало со претходно утврдени правила, а обелоденето во форма на јавен конкурс. Комерцијалниот принцип бил минимално присутен во целата постапка поради тоа што цените ги утврдувале државни органи, а уплатата на средствата на оние на кои парцелите им биле доделени се вршела на наменски утврдени банкарски сметки. Јован впрочем е дете на универзитетски професори, кои во тоа време првично добиле стан во зграда во Дебар Маало, која припаѓала на Универзитетот, но, поради малата станбена површина и лошата комфорност, татко му аплицирал во универзитетската управа за добивање плац за градба бидејќи немало доволно станови, а и тие што биле понудени биле со мала квадратура. Соодветниот државен орган утврдувал листа на локации што биле предмет на продажба во временски рок од една година. Паралелно со тоа, разните државни претпријатија, установи, Универзитетот доставувале свои листи на барања за број на локации за изградба на семејни куќи за потреби на членовите на своите работни колективи. Таквите листи се установувале со претходни интерни конкурси на кои, со примена на систем на бодирање, се правела ранг-листа на потенцијални интересенти за купување на локации за градба. Највисоко се рангирале најбројните семејства, со најниско ниво на примања и најмала расположлива станбена квадратура. Сличен принцип се применувал и при доделување на станови. Локации за градба добивале онолку кандидати на посебните листи колку што локации (или станбени единици) добила на располагање одредена институција. Јован и неговото семејство за добивање на локација за градба чекале точно 4 години и на крајот, со мала интервенција, ја добиле во населбата Тафталиџе.

Дури откако бил завршен тој дел од процедурата, тогаш склучувале договор за користење (не за сопственост) на градежно земјиште и ги уплатувале потребните средства како надомест. Откако сите овие процедури биле извршени, татко му, како нов корисник, добил имотен лист, и со тој документ му било овозможено да добие банкарски долгорочен кредит во висина на вредноста на објектот што требало да почнат да го градат. Проектот, т.е. потенцијалниот објект (семејната куќа, во случајот) не смеел да ги надминува параметрите зацртани со ГУП и ДУП за висината на градбата, габаритот и сл. На Јован уште во меморијата му стои еден случај што завршува со трагични последици, токму поврзан со распределбата на градежно земјиште за изградба на куќа поради недостиг на станови. Тој го перципира тој период од социјализмот како период кога се „негувал" моралот, посебно нагласен кога станувало збор за решавање на домувањето. Случајот што завршува трагично поради непочитување на законските рамки го отсликува и моралното однесување, односно поимање на моралните вредности во тие седумдесетти години од 20 век и безмалку остава впечаток на неспоредливост со денешната коруптивна околина, лишена од нормалната доза на свест и совест со кои одамна се „збогувала". Можеби несекојдневната солидираност, која била главно начело на тогашниот систем, ја предизвикала трагедијата. Имено, во игра била една етаблирана општествена личност, подоцна низ неврзани муабети разбрав

дека се работи за универзитетски професор со големо семејство, ниска економска моќ и несоодветно решено станбено прашање. Професорот поседувал одредена привилегирана позиција во тогашното општество, но никогаш не помислувал да бара повисоко рангирање и безусловно добивање бодови за побрзо да му биде доделен плац[12]. Но, неговата мирољубивост и добрина, а од друга страна слабата материјална состојба и неадекватната станбена ситуација, индиректно му помогнале да се најдат луѓе, доволно влијателни, што доброволно реагирале неговото место на ранг-листата, надвор од регуларните бодирања за доделување плац за градба, да го поместат од пониско на многу високо ниво. Така се издејствувало, без да се исполнат критериуми, тој да стекне право за добивање на локација за градба, но истовремено и да потисне некого од листата што регуларно ги исполнувал критериумите. Случајот подоцна излегува во медиумските кулоари, му се објавува името, откриен му е идентитетот и малверзациите што се направени тој да добие повисоко котирање на лисата за доделување плац за градба. Човекот, натоварен со чувство на срам, со нарушен јавен и семеен углед, доживува срцев удар и починува. Случаи на корумпираност, злоупотреба на службената функција, искористување на политичката моќ и, на крајот, непотизам не биле вообичаена практика во општеството во кое рамноправноста и солидарноста биле главно начело за управување и дејствување.

Во моделите на бившите социјалистички земји, доминантна форма на станбеното стопанство било домувањето под траен закуп (станарско право) во државните станови, во кое пазарот не играл речиси никаква улога и кое претставувало одредена форма на квазисопственост. Државата настојувала понудата да ја усогласи со побарувачката, а услугите за управување и одржување се обезбедувани по цена на закупнина што не ги покривала трошоците. Доделувањето на станови во себе го содржело во поголема мерка елементот на награда или заслуга отколку вистинската станбена потреба. Недостигот од станбен простор предизвикан со таквиот систем довел до создавање на дуален пазар, приватни трансакции со појавни форми: градење куќи во сопствена режија, приватни трансакции во секторот на изнајмување на становите, приватни трансакции со недвижнини, пазар на станарскиот однос и мал, наполно приватен сектор на издавање станови

12 Наместо да придонесе во формирањето на бескласното општество, општествениот станбен сектор раѓал нова социјална нееднаквост. Имено, системот не бил во состојба да обезбеди доволно станови за бројните Југословени што се доселувале во градовите, а при распределбата се фаворизирале стручњаците во однос на мануелните работници. Добивањето општествени станови станало еден вид привилегија или поттикнување на мобилност на работната сила (средство за привлекување на стручњаците), а не достапна опција за работничката класа. Многумина не успеале да дојдат до таков стан, при што своето станбено прашање го решавале со индивидуална изградба или изнајмување на општетсвен стан од моменталните корисници. Ова не е специфично само за Југославија, слична динамика урбаните социолози, како Иван Селењи, забележуваат ширум Источна Европа. Види повеќе на https://www.masina.rs/?p=6055

под закуп (Damjanović, Gligorijević 2010: 87).

Според Бурдје (Bourdieu), „организацијата на просторот во форма на изграден амбиент не рефлектира само одредени структури и идентитети туку генерира и специфични практики и структури и наметнува социјална организација на човековата перцепција“ (Poenaru 2007: 30). Оттаму, во социјалистичкиот идеолошки дискурс било нужно да се создаде специфичен и унифициран урбанистички дискурс што ќе формира простор „како лушпа во која општествените процеси се претвораат во јатки“ (Čaldarović 1989: 2), воедно и да се конструира „нова организација на домот, работниот простор и улицата“ (Crowley, Reid 2002: 15), а во нивното производство да се впише идеолошкото значење на новите општествени односи и на тој начин да се обезбеди „контрола над значењето, употребата на просторот и просторните практики на граѓаните“ (Crowley, Reid 2002: 4).

Во формирањето на специфичните социјалистички односи во поглед на домувањето придонел новиот начин на организација од страна на државата, која се обидела да ги обликува новите општествени односи и да изгради нова општествена свест. На директното интервенирање во нормите за животниот стандард, квалитетот и начинот на живеење, му претходеле два значајни процеси: процесот на индустријализација, кој го создал наративот за животот во градовите, и процесот на модернизација, кој влијаел на новата организација и поквалитетен начин на живот во технолошка смисла. Материјалната култура на домувањето на социјалистичкиот човек имплицирала негово дефинирање преку материјалните услови во сопствениот дом и добрата што ги поседува, а моментот на класната дистинкција се губи внатре во концептот за објективизација на трудот. Според тоа, секој припадник на социјалистичкото општество може да оствари нова, модерна култура на домување и материјален прогрес кон кој тежнеело целокупното општество, а државата, под чија закрила се наоѓала грижата за животниот стандард, преку национализација и конфискација на вишокот станбен простор, овозможила „право на стан“ – материјална основа што е предуслов за културна револуција како основна и со закон воспоставена грижа на социјалистичката држава. Момчило Марковиќ, еден од највлијателните југословенски раководители, во тој момент сојузен министер за здравство, во 1962 година изјавил дека: „Станот е стока, потенцијална приватна сопственост, и корисно е да му се помогне секому да го изгради или да го купи“(Le Normand 2014: 138).

Опишаното истражување на политиката за домување упатува на заклучок дека станбените и другите просторни политики во Југославија, во која влегувала и тогашната Социјалистичка Република Македонија, биле делумно успешни. Станбените политики во Југославија успеале да го намалат недостигот од станбен простор во урбаните средини и значително да го подобрат квалитетот на домувањето во однос на предвоениот период, но не и да ја анулираат станбената криза. Што е уште полошо, економските кризи, хиерархијата на инвестиционите приоритети и растечкото влијание на пазарните компоненти на системот на работничко

самоуправување довеле до нерамномерна распределба на општествениот станбен фонд. Неуспехот на станбената политика во Југославија да го реши станбеното прашање универзално и егалитарно според идеологијата што ја застапувала придонел во делегитимизацијата на самите принципи на универзалност и егалитарност. Недостигот од станови, слабиот квалитет и нивната неправилна распределба ја намалиле довербата на граѓаните во социјалистичката стратегија, политики, институции и вредности.

**Извори**


*Почетна студија за домувањето на Ромите во Општина Штип*. Скопје: Хабитат Македонија, 2017, 12. http://www.habitat.org.mk/doc/studii/STIP_mak_FINAL.PDF, пристапено на: 17.10.2019.

*Закон за домување,* http://www.aerodrom.gov.mk/Upload/Editor_Upload/Zakon%20za%20domuvanje%20-%20konsolidiran.docx, пристапено на: 17.10.2019.

*Универзална декларација на човекови права*, ООН 1948, Член 25 (1): http://www.un.org/en/universal-declaration-human-rights/, пристапено на: 17.10.2019.

Богоева, Катерина, *Архитектите што ја граделе Југославија*, Нова Македонија 26.9.2018, https://www.novamakedonija.com.mk/prilozi/lik/%D0%B0%D1%80%D1%85%D0%B8%D1%82%D0%B5%D0%BA%D1%82%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D1%88%D1%82%D0%BE-%D1%98%D0%B0-%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%B4%D0%B5%D0%BB%D0%B5-%D1%98%D1%83%D0%B3%D0%BE%D1%81%D0%BB%D0%B0%D0%B2/, пристапено на: 17.10.2019.

Krstić, Iskra: Rori Arčer Jugoslavija je formalno i faktički bila zemlja radnika, Masina, 16.02.2018, https://www.masina.rs/?p=6055, пристапено на: 17.10.2019.

Cmrk, Jadranka: Višestambena izgradnja skripta, http://www.rudarska.hr/wp-content/uploads/2018/02/VISESTAMBENA-IZGRADNJA-1-1.pdf, пристапено на: 17.10.2019.

**Литература**

Ален, Едвард. 2008. *Како функционираат градбите: Природниот ред на архитектурата*, трето издание, Скопје: Арс Ламина.

Ацевски, Илија. 1995. *Социологија на градот, социолошка хрестоматија*. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Институт за социологија.

Alfirević, Đorđe, Simonović-Alfirević, Sanja. 2018. ‘’Socialist Apartment’ in Yugoslavia: Paradigm or Tendency?.’ *Spatium* 40: 8–17.

Andrusz, G., Harloe, M., Szelenyi, I. 1996. *Cities after Socialism. Urban and Regional Change and Conflict in Post-socialist Societies*. Oxford: Blackwell.

Archer, Rory. 2016. ‘Paid for by the Workers, Occupied by the Bureaucrats: Housing Inequalities in 1980s Belgrade’. In: *Social Inequalities and Discontent in Yugoslav Socialism,* Archer, Rory, Duda, Igor, Stubs, Paul (eds.). 58–76. Oxford: Routledge.

Archer, Rory. 2018. ‘The moral economy of home construction in late socialist Yugoslavia’, *History and Anthropology* 29(2): 141–162.

Attwood, Lynne. 2004. ‘Housing in the Khrushchev Era’, In: *Women in the Khrushchev Era*, Ilič, Melanie, Reid, Susan E., Attwood, Lynne (eds.). 177–202. Hampshire/New York: Palgrave Macmillan.

Bajlon, Mate. 1979. *Housing – Theme 1: Organization of the Apartment*. Belgrade: University of Belgrade – Faculty of Architecture.

Bežovan, Gojko. 2004. „Stambena prava u Hrvatskoj i problemi njihova ostvarenja“. *Rev. soc. polit.* 11(1): 89–106.

Crowley, David, Reid, Susan E. 2002. ‘Socialist Spaces: Sites of Everyday Life in Eastern Bloc’, In: *Socialist Spaces: Sites of Everyday Life in Eastern Bloc*. 123-140. Oxford [UK]; New York: Berg.

Čaldarović, Ognjen. 1989. *Društvena dioba prostora*, Zagreb: Sociološko društvo Hrvatske.

Damjanović, D. i Gligorijević Ž. (ur.). 2010. *Socijalno stanovanje. Prikaz stambenih politika Srbije i odabranih zemalja Evrope*. Beograd: PALGO centar.

Dobrivojević, Ivana. 2012. „Stambene prilike u jugoslovenskim gradovima 1945–1955“, *Istorija 20. vek*a 2: 115–130.

Dragutinović, A., Pottgiesser, U., De Vos, E., Melenhorst, M. 2017. „Modernism in Belgrade – Classification of Modernist Housing Buildings 1919–1980“, Proceedings from *IOP Conference Series: Materials Science and Engineering* 245(5): 52–75.

Duda, Igor. 2010. *Pronađeno blagostanje: Svakodnevni život i potrošačka kultura u Hrvatskoj 1970-ih i 1980-ih*, Zagreb: Srednja Europa.

Fehérváry, Krisztina. 2013. *Politics in Color and Concrete: Socialist Materialities and the Middle Class in Hungary*. Bloomington: Indiana University Press.

Harris, E. Steven. 2013. *Communism on Tomorrow Street: Mass Housing and Everyday Life After Stalin*. Washington, DC: Johns Hopkins University Press.

Jakovina, Tvrtko. 2012. „Povijesni uspjeh šizofrene države: modernizacija u Jugoslaviji 1945.–1974.“, Bo: *Socijalizam i modernost. Umjetnost, kultura, politika 1950. – 1974.* (ur. Ljiljana Kolešnik), 7-52. Zagreb: Muzej suvremene umjetnosti i Institut za povijest umjetnosti.

Krstić, Iskra. 2018. „Stambene politike u Jugoslaviji“, Bo: *Gradove smo vam podigli: o protivrečnostima jugoslovenskog socijalizma*. Centar za kulturnu dekontaminaciju. 127–142. Beograd.

Lay, Vladimir. 1986. „Kvalitet svakidašnjeg života društvenih grupa“, *Revija za sociologiju* 1–4: 35–41.

Le Normand, Brigitte. 2012. ‘*The House that Socialism Built: Reform, Consumption and Inequality in Postwar Yugoslavia*’, Bo*: Communism Unwrapped: Cultures of Consumption in Postwar Eastern Europe,* Paulina Bren, Mary Neuberger (eds.). 351-373. Oxford: Oxford University Press.

Nord, Lars. 2005. 'Yugoslavia: An Example Reconsidered', In: *The Reform of Housing in Eastern Europe and the Soviet Union*, Edited by Turner, Bengt, Hegedüs, József and Tosics, Iván. 231–234. Taylor & Francis e-Library.

Poenaru, Florin. 2007. *On Balcony, State/Citizens Intersection in a Socialist Romanian Block of Flats*, MA Thesis, Budapest: Department of Sociology and Socio-Anthropology, Central European University.

Sekulić, Dubravka. 2012. *Glotzt Nicht so Romantisch! On Extralegal Space in Belgrade*. Amsterdam: Jan van Eyck Academi.

Sekulić, Duško. 1986. „Putevi i stranputice stambene politike", *Sociologija* 3: 347–370.

Unkovski-Korica, Vladimir. 2016. *The Economic Struggle for Power in Tito's Yugoslavia: From World War II to Non-alignment*. London: I. B. Tauris.

Vučetić, Radina. 2012. *Koka-kola socijalizam: amerikanizacija jugoslavenske popularne kulture šezdesetih godina XX veka*. Beograd: Službeni glasnik.